Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СУ.бр. СПИ. 5/2020
07.04.20 20 година
Кратово

До: Основен суд Кратово

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/ 1.2.2006 год.), од Основен суд Кратово ја бараме следната информација од јавен карактер:

1. **Дали во судот се вработени лица со инвалидитет, односно попречености и на која работна позиција се распределени истите?**
2. **Дали во судот има вработено лице одговорно за комуникација со граѓани кои имаат некаков вид и степен на попреченост ?**
3. **Дали судот има вработени лица како сертифицирани толкувачи?**
4. **Дали судот има обезбедено пристап до документи и списи на браилово писмо?**
5. **Дали во судот во однос на физичката пристапност постојат пристапни рампи за лицата со пореченост, функционални лифтови во внатрешноста на судовите, ознаки на браилово писмо на лицата со оштетен вид и приспособени тоалети за лицата со попречености?**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
  - ✓ г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
  - ✓ г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

[redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Скопје

07.04.2020 година

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.5/2020-1
08.04.2020 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Е-Маил од 07.04.2020 година.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка во судот Ви ги доставуваме следните информации:

- Во Основен суд Кратово нема вработени лица со инвалидитет, односно попреченост.
- Во Основен суд Кратово едно од вработените лица е одговорно со комуникација со гераѓани кои имат некаков вид и степен на попреченост .
- Во Основен суд Кратово нема вработени лица како сертефицирани толкувачи.
- Во Основниот суд Кратово нема обезбедено пристап до документи и списи на браилово писмо.
- Во Основниот суд Кратово во однос на физичката пристапност постои пристапна рампа за лицата со попреченост, не постои функционален лифт во внатрешноста на судот ниту ознаки за браилово писмо на лицата со оштетен вид и не постојат приспособени тоалети за лицата со попреченост.

Со почит,

Основен суд Кратово,
Претседател,
Ружица Здравковска